ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:31-166/11**

**Дата: 27.09.2011**

**ДО**
**ОПШТИНА ГОСТИВАР**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Гостивар за 2010 година.

При ревизијата беа разгледани и препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, при што е утврдено дека дел од нив не се спроведени. Не се спроведени препораките кои се однесуваат на евидентирање на дел од имотот добиен со делбените биланси од 2000 година, вршење на попис согласно законската регулатива и евидентирање на капиталните трошоци како инвестиции во тек.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење со резерва.

Општина Гостивар се одликува со значително намалување на задолженоста, особено на долговите кои се провлекуваат од претходните години. Обврските спрема добавувачите во однос на претходната година се намалени за околу 50%.
Околу 43% од расходите на Општината во 2010 година се по основ на капитални трошоци. Наменските средства за финансирање на изградба и одржување на комуналната инфраструктура наплатени во 2010 година изнесуваат 59,297 илјади денари, а потрошените средства за оваа намена 92,247 илјади денари. Ова значи дека Општина Гостивар за покривање на капиталните трошоци користи дел од тековните приходи (даноци на имот, комунални такси, домашно задолжување).

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________

Проценетата вредност на постојаните средства во билансот на состојба на Општина Гостивар за 2010 година е нереална и необјективна поради не евидентиран имот добиен со делбените биланси од 1999 и 2000 година.
За спонзорства, социјални надоместоци и слични намени во текот на 2010 година од Буџетот на Општина Гостивар се исплатени вкупно 2,129 илјади денари. При доделување на овие средства нарушен е принципот на транспарентност од причина што нема јавен повик или објава на веб страната на Општината за доделување на финансиски средства на организации и фондации и физички лица како и нема програми донесени од советот со утврдени критериуми за доделување на средства за овие намени. Ревизијата препорачува за надминување на состојбите советот да донесе програми со јасно утврдени критериуми и постапки за доделување на средствата.
Од увидот во постапките за јавни набавки за 2010 година ревизијата констатира пропусти во примена на Законот за јавни набавки како и извршени набавки на стоки и услуги без постапка за јавна набавка на износ од 4,613 илјади денари.

**1.Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страните од 14 до 16 заедно со ревизија на усогласеност на финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Гостивар, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (637) на Општина Гостивар за 2007 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Гостивар под 31 декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, како и за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции за 2007 година изразено е негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Д-р Руфи Османи - градоначалник на Општина Гостивар во 2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Општина Гостивар се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2.Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

–финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување

–усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. е планирана и извршена во периодот од 23.05 до 23.06.2010 кај Општина Гостивар од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките.**

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година.
Во Прилог 3 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија, на ден 24.06.2011 година.
На ден 06.09.2011 година, примени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, број 16-59/4 од 02.09.2011 година од Градоначалникот на Општина Гостивар. Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не се однесуваат на констатациите изнесени во Нацрт извештајот туку се однесуваат на констатции изнесени во менаџерскиот извештај.
Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во прилог кон овој Конечен извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1. Интерни контроли

### 4.1.1. Процес на плаќање

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од плаќања по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица и почитување на договорените услови за плаќање, што не е во согласност со одредбите на членовите 5, 6,16 и 21 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола
Причините за овие ризици се следните:

- недонесените пишани процедури во кои ќе бидат дефинирани и разграничени надлежностите и одговорностите во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите, и
- невоспоставена ex-ante и ex-post финансиска контрола.

Невоспоставениот систем на финансиска контрола го оневозможува извршувањето на активностите на Општината на транспарентен и регуларен начин и создава ризик за плаќања врз основа на документација која не е комплетна и потврдена од одговорни лица.

Во текот на ревизијата се донесени интерни процедури за работењето на одделението за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци на имот.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Гостивар да обезбеди функционирање на пишаните процедури и да овласти лица кои ќе вршат проверка и одобрување на документацијата по која треба да се изврши плаќање.

**4.2. Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1. Пописот на средствата, обврските и побарувањата во Општина Гостивар не е извршен во согласност со одредбите на Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници

- не е извршено усогласување на крајот на годината на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот (инвентарисување), согласно член 29 од Правилникот. Извршен е физички попис на материјалните средства на крајот на 2010 година. Во пописните листи е искажана само бројната состојба на опремата, без да се изврши усогласување на состојбата на материјалните средства утврдена со пописот со нивната сметководствена вредност, што оневозможува утврдување на евентуални кусоци или вишоци.
- Не е извршен попис на побарувањата и обврските, односно во Извештајот за извршениот попис е искажана вкупната вредност на обврските и побарувањата на крајот на 2010 година. Пописната комисија не извршила попис на побарувањата и обврските во согласност со членот 31-в од Правилникот. Не се изготвени пописни листи и не е утврдена правната основа за постоење на побарувањата и обврските.
- извршениот попис на ситниот инвентар за 2010 година не е во согласност со членот 31-а од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Од страна на пописната комисија е извршено само утврдување на состојбата на ситниот инвентар на лице место и во пописните листи, заедно со материјалните средства, наведени се само називите на средствата и количината без да се внесе состојбата од сметководството, вредноста и евентуалните разлики, односно кусоци или вишоци.

Неизвршувањето на пописот во согласност со законската регулатива создава ризик од нецелосно евидентирање на средствата и нивните извори и нереално искажување на билансните позиции. Неспроведување на пописот согласно законската регулатива оневозможува потврда на фактичката состојба на имотот, побарувањата и обврските, усогласување со сметководствената евиденција, ризик

од губење на средствата и намалување на квалитетот на информациите кои ги даваат финансиските извештаи.

**Препорака:**

Стручните служби во општината да изготват, а Градоначалникот да донесе интерен акт со кој ќе се утврди начинот и постапката за целосно извршување на пописот на средствата и изворите на средствата согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

4.2.2. Не се води материјална евиденција за набавката и давањето во употреба на материјалите (канцелариски материјали, електро и други материјали за одржување на јавното осветлување набавено во вкупен износ од 2,209 илјади денари) што не е во согласност со членот 4 став 1 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и членот 28 од Правилникот за содржината на поодделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Лицата кои ги набавуваат материјалите го потврдуваат нивниот прием на испратницата од добавувачите (не се изготвуваат приемници при приемот), не се изготвуваат требувања од поодделните одделенија и служби на општината за издадените материјали и во сметководството не се евидентираат овие промени на соодветните сметки пропишани со сметковниот план за буџетите и буџетските корисници.

Неевидентирањето на приемот и издавањето на материјалите во сметководството придонесува да се нема увид во нивната состојбата, не се врши попис и споредба на фактичката со книговодствената состојба и со тоа се создава можност за ненаменско користење на средствата.

**Препорака:**

Лицата задолжени за приемот на набавените материјали да изготвуваат приемници, а за издавањето издатница/требување, а надлежните во сметководството врз основа на тие документи да воведат сметководствена евиденција за состојбата, приемот и издавањето на канцелариските, електро и другите материјали.

4.2.3. Во текот на 2010 година од Буџетот на општина Гостивар се исплатени средства во вкупен износ од 1.310 илјади денари на културно уметнички друштва, здруженија на граѓани и фондации, спортски клубови, хуманитарни организации и останати невладини организации.

Градоначалникот на општина Гостивар има донесено Решенија за искористување на дел од средствата за спонзорирање на спортски клубови и на културно уметнички друштва на годишно ниво, во вкупен износ. Во нив описно се утврдени критериуми за распределба на средствата и распонот на средства кои можат да се

доделат (кај културно уметничките друштва распонот е од 30 до 200 илјади денари, а кај спортските друштва од 30 до 100 илјади денари, односно до 600 илјади денари за највисок ранг на натпревари).

Поединечните решенија за доделување средства градоначалникот ги носи врз основа на предлог на комисија.

Средствата се доделени врз основа на поднесени поединечни барања, без донесена Програма од Советот на Општината со утврдени критериуми и цели за доделување на средствата, без објавување на оглас за доделување на средства и без добиени и одобрени програми од барателите (на културно уметнички друштва, здруженија на граѓани и фондации, спортски клубови, хуманитарни организации и останати невладини организации). За користењето на средствата од овие корисници не се доставени деловен и финансиски извештај за реализација. Ова не е во согласност со член 49 од Закон за здруженија и фондации, член 22-а од Законот за спорт и член 8 од Законот за локална самоуправа.

4.2.4. За социјални надоместоци (социјална помош) и стипендии за млади таленти исплатени се средства во износ од 819 илјади денари на физички лица.

Согласно членот 22 од Законот за локална самоуправа, социјалната заштита спаѓа во надлежностите на општината, а истовремено со Законот за социјална заштита во член 11 е уредено дека општините организираат и обезбедуваат спроведување на социјалната заштита преку донесени сопствени програми.

Овие исплати се извршени врз основа на Решенија за финансиска помош донесени од Градоначалникот на Општина Гостивар кои содржат износ на предвидени трошоци по овој основ за цела година и критериуми за поделба на средствата со голем распон на износи.

Поединечните решенија за доделување средства градоначалникот ги носи врз основа на предлог на комисија.

Советот на Општина Гостивар нема донесено Програма за социјална заштита со јасно утврдени критериуми за доделување на средствата и износите на средства кои можат да бидат доделени, во кои случаи се доделуваат средствата и за кои намени.

Доделување на средства за овие намени без Програми донесена од Советот на Општината, без јасно дефинирани критериуми за одредување на висината на средствата, немањето на јавен повик или објава на веб страната на Општината за доделување на финансиски средства на организации и фондации како и за стипендии за млади таленти влијае врз транспарентноста во постапката на доделување на средства.

**Препорака:**

- Советот на Општината да донесе програми со јасно утврдени критериуми за намената и висината на доделените средства од Буџетот ,
- доделувањето на средствата за овие намени да се објавува јавно и
- од културно уметничките друштва, здруженија на граѓани и фондации, спортски клубови, хуманитарни организации и останати невладини организации на кои им се доделени средства да се бараат програми и финансиски извештаи за намените за кои се искористени.

4.2.5. Поголем дел од трошоците за изградба на објекти за комунална инфраструктура во Општина Гостивар во 2010 година се однесуваат на реконструкции од помал обем, така што не е изготвуван проект (во градежната книга обично има скица на објектот), нема одобрение за реконструкција, завршен извештај од надзорен инжењер. За најголем дел од градбите се доставени градежна книга и градежен дневник. Сите ситуации се потпишани од надзор (во најголем дел од лице вработено во Општината, без посебно овластување за надзор од Градоначалникот) кој потврдува дека извршените работи опфатени во ситуациите во својот обем и цени одговараат на работите предвидени со предмер пресметката во склучениот договор. Во 2011 година, согласно законската регулатива, за надзор се ангажираат овластени правни лица.
Нецелосната примена на Законот за градење создава ризик од незаконско работење.
**Препорака:**

- Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животна средина да ги обезбеди сите документи предвидени со Законот за градење пред отпочнување и во текот на градбата.
- Градоначалникот на Општината, да формира комисија за примопредавање на објектите по завршувањето на работите за кои се доделени договори, без оглед на нивната големина и значај.

## 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Општина Гостивар склучила договори на дело со физички лица за вршење услуги за одржување на јавното осветлување спротивно на Законот за работни односи. На овие лица во 2010 година е исплатен надоместок во вкупен износ од 375 илјади денари за кој е пресметан и платен персонален данок на доход.
Ангажирањето на лица по основ на договор на дело ја намалува транспарентноста и конкуренцијата при вработувањето, овозможува ангажирање на лица без

почитување на законски утврдените процедури и го зголемува ризикот од субјективност при приемот.
Надлежните во општината, биле должни ангажирањето на овие лица да го усогласат со одредбите од Законот за работни односи.
Непочитувањето на одредбите од наведениот закон има за ефект непресметани и неплатени придонеси и нереално искажани расходи во Билансот на приходи и расходи за 2010 година.
**Препорака:**
Општината како надлежен орган кој одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, да обезбеди вработувања на лица согласно актот за систематизација и законските прописи кои ја регулираат оваа област.

4.3.2. Не е извршена идентификација, проценка и евидентирање на дел од имотот добиен со делбен биланс донесен од Владата на Република Македонија во 1999 и 2000 година, што не е во согласност со одредбите на членот 64 од Законот за локална самоуправа. Ова се должи на фактот што сеуште не е направено излагање на добиениот имот. Општината ја нема потврдено сопственоста на деловниот простор во кој е сместена. Во Општина Гостивар немаат сознанија чиј е просторот во кој е сместено Јавното претпријатие „Комуналец". Се до отворањето на стечајна постапка над јавното претпријатие, Општината издавала дел од просторот во кое е сместено јавното претпријатие, третирајќи го како своја сопственост. До моментот на вршење ревизија не е започната постапка за потврда на сопственоста на имотот на Општината пред Агенцијата за катастар на недвижности. Поради тоа, искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2010 година не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и нивните извори.
Ова создава ризик од узурпација на општинскиот имот и губење на сопственоста, а со стапувањето во сила на Законот за проценка во 2012 година и до зголемени трошоци за проценка на имотот и негово легализирање.
**Препорака:**
Градоначалникот да преземе активности околу идентификување на добиените објекти, добивање имотни листови, вреднување и евидентирање на добиениот имот.

**4.4. Користење на средствата согласно законски прописи**

4.4.1. Кај постапките со барање за прибирање на понуди за набавка на: мотор Лавара за потопна пумпа, разработка на проект за реконструкција и ревитализација на патот Форино-Чегране и разработка на проект за зонално паркирање (по зони) во градот Гостивар не е изготвена поедноставена тендерска

документација што не е во согласност со член 101 од Законот за јавни набавки. Непримената на законските одредби за конкретниот вид на постапка за јавна набавка, овозможила вршење на набавка за предмети за кои не се утврдени технички спецификации. Вредноста на склучените договори за овие набавки изнесува 1.056 илјади денари.

**Препорака:**

Во постапката со барање за прибирање на понуди, договорниот орган да изготвува поедноставена тендерска документација, која задолжително содржи технички спецификации на предметот на договорот за јавна набавка.

4.4.2. За спроведената постапка за јавна набавка во 2009 година за изградба на локален пат во с.Балиндол, критериумите за избор на економски најповолна понуда не се јасно дефинирани во огласот за доделување на договорот за јавна набавка, објавени во Службен весник на РМ и во Бирото за јавни набавки. Во тендерската документацијане не е дадено објаснување за начинот на вреднување на критериумот економски најповолна понуда, што не е во согласност со член 161 од Законот за јавни набавки. Извршен е избор на понуда со најниска цена, која во случајов била и економски најповолна, со најголем вкупен број на бодови. Ревизијата ја потврди исправноста на евалуацијата единствено за елементот цена, но не и на останатите критериуми поради недефинирањето на начинот на нивното евалуирање. Со избраниот најповолен понудувач во октомври 2009 година е склучен договор на вкупна вредност од 4.155 илјади денари, а во декември 2009 година склучен е Анекс на договорот на вкупна вредност од 1.246 илјади денари во рамките на 30% од вредноста на основниот договор, без спроведување на постапка, што не е во согласност со член 99 од Законот за јавни набавки.

**Препорака:**

При утврдување на критериуми за избор на економски најповолна понуда, сите подelementи за избор, да се јасно и транспарентно наведени во тендерската документација и во објавите на тендерот, а при склучување на Анекс кон основниот договор, да се почитуваат законските одредби за примена на соодветна постапка.

4.4.3. Набавени се две моторни возила во вкупен износ од 1,722 илјади денари без спроведена постапка за јавни набавки при што:

- За набавка на службено возило е започната постапка за јавна набавка, која подоцна е поништена, а набавката во вредност од 1,476 илјади денари е извршена од физичко лице. Набавката на стоки, услуги и работи од физичко лице не е во согласност со членот 2 од Законот за јавни набавки.

– Извршена е размена на возила со физичко лице при што се платени дополнителни средства во износ од 246 илјади денари, што во суштина претставува набавка и продажба во исто време, без спроведена постапка за јавна набавка и без спроведено јавно наддавање, што не е во согласност со Законот за јавни набавки и членот 66 од Законот за локална самоуправа.

4.4.4. За набавки во износ од 1.149 илјади денари не е спроведена постапка за јавни набавки, што не е во согласност со член 100 од Законот за јавни набавки. (Прилог 1)

4.4.5. За извршени столарски и молерофарбарски работи во износ од 496 илјади денари (замена на стари оштетени врати со нови врати и бојадисување на училници во О.У. Перпарими с.Чегране) постапката за јавна набавка е спроведена по извршување на работата, што не е во согласност со членот 2 од Законот за јавни набавки. Решението за избор на најповолен понудувач е донесено на 13 септември 2010 година, договорот е склучен на 16 септември, а фактурите за извршените работи се од 25 август 2010 година.

Неспроведувањето постапки за јавни набавки или нивното спроведување по извршување на работата создава ризик од нетранспарентност и субјективност во процесот на доделување на договори за јавни набавки.
**Препорака:**
За набавка на стоки, услуги и работи да се спроведува постапка за јавни набавки, како и да се почитуваат другите законски прописи кои се однесуваат на одредени активности на Општината (продажба, набавка на имот).

**Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања**

Во текот на ревизијата се прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот во Билансот на состојбата по следните основи:

- зголемување на состојбата на Патенти, лиценци, концесии и други права за износ од 272 илјади денари и Опрема за износ од 190 илјади денари со истовремено зголемување на состојбата на сметката Државен јавен капитал за вкупен износ од 462 илјади денари.;
- зголемување на состојбата на Ситен инвентар во употреба за износ од 35 илјади денари со истовремено намалување на состојбата на Ситен инвентар на залиха за истиот износ, и
- намалување на состојбата на Останат капитал (залиха на материјали, резервни делови, стоки, ситен инвентар и хартии од вредност) за износ од

1.312 илјади денари и зголемување на состојбата на сметката Вредносно усогласување на залихите на ситниот инвентар, за истиот износ.

## 5. Ревизорско мислење

### Вкупни ефекти од наодите

Врз основа на изнесеното во точката 4.3.2., а кое се однесува на неевидентиран имот, ревизијата не беше во можност да изаврши квантификација на ефектите кои би имале влијание врз финанските извештаи.
Ефектите од неприменувањето на Законот за јавни набавки изнесуваат 4,613 илјади денари.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.3., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Гостивар на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2., 4.3. и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Гостивар, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 16.09.2011 година

ОПШТИНА ГОСТИВАР

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2010** | **2009** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 220.279 | 185.394 |
| **Вкупно приходи** | | **220.279** | **185.394** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 38.516 | 38.656 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 753 | 1.283 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 80.519 | 55.662 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 4.858 | 8.887 |
| Социјални бенифиции | 3.2.5. | 590 | 324 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **125.236** | **104.812** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 95.043 | 80.582 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **95.043** | **80.582** |
| **Вкупно расходи** | | **220.279** | **185.394** |

ОПШТИНА ГОСТИВАР

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 146 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 84.433 | 137.973 |
| Залихи | | 0 | 1.312 |
| **Вкупно тековни средства** | | **84.579** | **139.285** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 272 | 0 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 9.555 | 10.798 |
| **Вкупно постојани средства** | | **9.827** | **10.798** |
| **Вкупна актива** | | **94.406** | **150.083** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 66.634 | 135.181 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.2. | 111 | 19 |
| Краткорочни обврски за плати | 4.3.3. | 2.688 | 2.765 |
| Краткорочни финансиски обврски | | 0 | 8 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 146 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **69.579** | **137.973** |
| **Долгорочни обврски** | 4.4.1. | **15.000** | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на деловни средства | 4.5.1. | 9.827 | 12.110 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **9.827** | **12.110** |
| **Вкупна пасива** | | **94.406** | **150.083** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | 10.798 | 1.312 | 12.110 |
| **Зголемување по основ на:** | **6.513** | 0 | **6.513** |
| Набавки | 4.348 | 0 | 4,348 |
| Ревалоризација во тек на година | 1.703 | 0 | 1,703 |
| Корекции во тек на ревизија | 462 | 0 | 462 |
| **Намалување по основ на:** | **7.484** | **1,312** | **8,796** |
| Амортизација со ревалор на аморт | 2.965 | 0 | 2,965 |
| Пренос на згради во вонбилансна евиденција | 4.184 | 0 | 4,184 |
| Продажбса | 335 | 0 | 335 |
| Корекции во тек на година | | 1.312 | |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **9.827** | **0** | **9,827** |

KOMUNA E GOSTIVARIT
ОПШТИНА ГОСТИВАР
GOSTİVAR BELEDİYESİ

www.gostivari.gov.mk
info@gostivari.gov.mk
tel. +389 (0) 42 213 511
fax. +389 (0) 42 214 406

Бр./Nr. 16-59/4
02.09.2011
Гостивар/Gostivar

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 06.09.2011 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 31 | - 166 | 9 | |

До:
Државен Завод за Ревизија
ул.Македонија 12/3, Палата Македонија
1000, Скопје

**ПРЕДМЕТ: Доставување на забелешки**
**Ваш број: 31-166, од 04.08.2011 година**

Во врска со нацрт ревизорскиот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2010 година во Општина Гостивар, согласно член 30 став 2 од Законот за државна ревизија (Службен весник на РМ број 66/10), во законски предвидениот рок ги доставуваме следниве забелешки на вашите наоди :

I. Сметка на основен буџет (637), точка 4.2.3, 4.2.4 и Менаџерско писмо, точка 2.3

Непресметаниот и неуплатен персонален данок на доход во износ од 99 илјади денари , по основ на социјална помош на физички лица, стипендии и награди на вработените, е постапка од страна на одделението за финансии раководејќи се според член 6 од Законот за персонален данок. Поради наведените исклучоци во овој член, иземена е пресметката и исплатата на персоналниот данок на доход за наведениоте основи.

II. Во врска со другите забелешки наведени во нацрт ревизорскиот извештај, сакаме да ве информираме дека се во процес на имплементирање, како што е

Deri te:
Enti shtetëror I statistikës
rr. Maqedonia 12/3, Pallati Maqedonia
1000, Shkup

**LËNDA: Dorëzimi i vërejtjeve**
**Numri juaj: 31-166, dt 04.08.2011**

Në lidhje me draft raportin revizor për revizionin e kryer të raporteve financiare dhe revizionin e pajtueshmërisë për vitin 2010 në Komunën e Gostivarit, në përputhje me nenin 30 paragrafi 2 i Ligjit për revision shtetëror (Gazeta zyrtare e RM-së nr. 66/10), ne afatin e përcaktuar me ligj, I depozitojmë vërejtjet e mëposhtme të gjetjeve tuaja:

I. Llogari të buxhetit bazë (637), pikat 4.2.3, 4.2.4 dhe Letër menaxheriale, pika 2.3

Tatimi i pallogaritur dhe i papaguar në të ardhurat personale në shumën prej 99 mijë denarësh, bazuar në asistencën sociale të personave fizikë, bursa dhe shpërblime të të punësuarve, është procedurë nga ana e Departamentit të Financave duke u prirë nga neni 6 i Ligjit mbi tatimin personal. Për shkak të këtyre përjashtimeve në këtë nen, është përjashtuar llogaritja dhe pagesa e tatimit mbi të ardhurat personale për arsyet e përmendura.

II. Në lidhje me vërejtjet tjera të listuara në draft raportin revizor, dëshirojmë të ju informojmë se janë në process të implemnetimit, siç është rasti me një kthim të

www.gostivari.gov.mk
info@gostivari.gov.mk
tel. +389 (0) 42 213 511
fax. +389 (0) 42 214 406

случај со поврат на повеќе исплатените дневници за службени патувања, пресметка и уплата на персонален данок за социјална помош и усогласување на внатрешните акти, и искоренување на воочените недостатоци од ваша страна.

mëditjeve të paguara më shumë për udhëtme zyrtare, llogaritje dhe pagesë e tatimit personal për asistencë socilae dhe harmonizim të akteve interne dhe çrrënjosjen e mangësive të identifikuara nga ana juaj.

**Градоначалник / Kryetari i Komunës**

**Prof Dr. Rufi Osmani**

**ПРИЛОГ 2**

ОДГОВОР
на забелешки по констатациите од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година
кај Општина Гостивар

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи на Општина Гостивар за 2010 година на сметката на основен буџет (637) добиени се забелешки од градоначалникот на општината, под број 16- 59/4 од 02.09. 2011 година заведени во Државниот завод за ревизија под број 31-166/9 од 06.09. 2011 година.

Забелешките се доставени во законски утврдениот рок.

Забелешките се разгледани и е констатирано дека истите **не се прифаќаат** од причина што не се однесуваат на констатациите од Нацрт извештајот туку се однесуваат на констатациите изнесени во менаџерскиот извештај.
Забелешките се однесуваат на констатациите изнесени во точка 2.3. од менаџерскиот извештај во кој е утврдено дека не е платен персонален данок во износ од 99 илјади денари по исплати на физички лица по основ на стипендии, награди на вработени и социјална помош согласно Решение на градоначалникот.
Констатациите од точка 2.3. се поврзуваат со точките 4.2.3. и 4.2.4. од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за сметката на основен буџет (637) во кој се дадени слабостите кои произлегуваат од непочитување на законските одредби за наведените видови исплати а не се споменува непресметаниот и неплатениот персонален данок. Констатацијата за неплатениот персонален данок е изнесена во точка 2.3. од менаџерскиот извештај на кој не се доставуваат забелешки.
Истовремено субјектот не информира дека започнал со имплементација на дадените препораки кои претежно се однесуваат на констатациите од менаџерскиот извештај.

| *Ревизорски тим:* | *Овластен државен ревизор* |
|---|---|
| *1.* ___________________________ | |
| *2.* ___________________________ | _____________________ |

ОПШТИНА ГОСТИВАР
ОСВРТ НА РЕВИЗИЈАТА ОД ПРЕТХОДНИТЕ ГОДИНИ – СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ

**Преглед 3**

**Резултати**

**од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2007 година на Општина Гостивар на сметката на основен буџет (637)**

| **Бр./ врска на наодот** | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **11.1.1** | **Процес на плаќање** | | | |
| | Кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање воспоставените интерни контроли не обезбедуваат доволно ниво на сигурност и не спречуваатт ризик од плаќање по некомплетна и непотврдена документација:<br>-непостоење на пишани процедури за движење на документацијата со јасно дефинирани и разграничени надлежности и одговорности во однос на потврдување на комплетноста и веродостојноста на трансакциите;<br>-отсуство на контроли кои ќе осигураат дека важечките плаќања се точно прокнижени во главната книга;<br>-немање упатство за материјално финансиско работење;<br>-немање упатство за благајничко работење;<br>-не е назначено лице ликвидатор на документацијата. | Градоначалникот на општина Гостивар:<br>- да донесе пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во процесот на безготовинско и готовинско плаќање;<br>- да назначи одговорно лице за уредно ликвидирање на документите пред нивно одобрување за плаќање | Спроведена<br><br>Не е спроведена | Пишани процедури се донесени во текот на ревизијата |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ____________________________

*2.* ____________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **11.2.** | **Неправилна примена на акти** | | | |
| | Од сметката на Органот на Општина Гостивар исплатени се средства за: здруженија на граѓани, фондации, спортски клубови, хуманитарни организации, културно уметнички друштва и спонзорства на млади спортисти.<br>Одобрувањето на овие средства се врши по поединечни барања, без претходно донесена Програма од страна на општината и распишан оглас за распределба на средствата со утврдени критериуми. Не се бара годишна програма на барателите, како и повратно известување за намената за која средствата се искористени. | Советот на општината да донесе развојни програми од областа на социјалната заштита, спортот, културата и општи акти во кој ќе се утврдат критериумите и постапката за доделување на парични средства на физички лица и финансирање на: спортски клубови, културно уметнички друштва, здруженија на граѓани, хуманитарни организации. | Не е спроведена | |
| 11.2.2. | Општината нема Програма за активностите во областа на социјалната заштита за доделување средства за помош со утврдени критериуми и постапки во однос на видот на помошта (намени за доделување средства и висината на доделената помош). | | | |
| | За работењето и услугите кои јавните претпријатија ги вршат за Општина Гостивар не се склучени договори, не се дефинирани заемните обврски, права и одговорности на Општината и јавните претпријатија и тоа во делот на:<br>- висината на средствата со кои основачот ќе учествува во финансирањето на конкретни програми за деловната година;<br>- потребната документација која треба да ја достават јавните претпријатија како докази дека работата е извршена;<br>-контрола и надзор на извршувањето на работите од стручни лица од општината. | Надлежните служби на општината да склучат договори со јавните претпријатија заради дефинирање на заемните обврски, права и одговорности;<br>- да донесат пишани процедури за регулирање на односите со јавните претпријатија.<br>- градоначалникот и Советот да иницираат активности за утврдување на причините за лошата материјално финансиска состојба на јавните претпријатија. | Не е спроведена<br><br>Спроведена | |
| **11.3.** | **Неправилна примена на сметководствени политики и начела** | | | |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.3.1. | Пописот не е извршен во согласност со Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Не е извршено усогласување на фактичката состојба утврдена со физичкиот попис на материјалните средства со нивната вредност искажана во сметководството.<br>Во извештајот на пописната комисија утврден е канцелариски инвентар и опрема за расход меѓутоа, нема донесено решенија за спроведување на предлогот на комисијата, поради неможност да се направи идентификација. | Градоначалникот како одговорно лице да донесе интерен акт за извршување на пописот со кој согласно законската регулатива ќе бидат предвидени сите активности околу пописот, и<br>пописната комисија да врши попис согласно одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. | Не е спроведена | |
| 11.4. | **Неправилности во искажувањето на приходите/расходите** | | | |
| | Во износ поголем од законски дозволениот се исплатени плати и надоместоци во вкупен износ од 818 илјади денари и тоа:<br>-на дел од вработените во општинската администрација исплатени се награди без утврдени критериуми.<br>-на претседателот на Советот и на еден член од Советот на Општина Гостивар исплатен е надоместок за учество на седници во износ поголем од износот определен со закон;<br>-на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот<br>-исплатен е надоместок на членовите на Комисијата за јавни набавки, и<br>-исплатен е поголем надоместок за смрт на родител;<br>Во месец октомври 2007 година донесена е Одлука за утврдување на надоместокот на членовите на советот на Општина Гостивар согласно законската регулатива, | За незаконски исплатените парични средства надлежните служби во општина Гостивар да преземат мерки за враќање на истите | Не е спроведена | Исплатата на надоместоците, главно, е во согласност со законската регулатива |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.4.3. | Направени се трошоци за репрезентација во износ од 317 илјади денари, по основ на угостителски услуги. Од документацијата врз основа на која се извршени плаќања не е можно да се утврди за кого е услугата (гости од странство или домашни гости од други градови, институции), кој е корисник на услугата од Општината и кога истата е извршена. | Градоначалникот како одговорно лице да донесе интерен акт за користење на средства за репрезентација во кој јасно ќе биде утврдено во кои случаи и кој има право на репрезентација, висината на репрезентацијата и документацијата што треба да се приложи како поткрепа на направените трошоци | Спроведена | Решение за искористување на средствата за репрезентација |
| 11.4.4. | Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста за дел од расходите во вкупен износ од 12.220 илјади денари искажани на ставките:<br>а) Други оперативни расходи вкупен износ од 60 илјади денари, за изградба на оџак за ОУ Перпарими Чегране, и<br>б) Други градежни објекти вкупен износ од 12.160 илјади денари, поради извршени исплати за обврски од минати години за кои не постои комплетна документација потврдена од овластени лица (договори, ситуации, градежна книга, градежен дневник, извештај за извршена работа). (Прилог број 1 од Извештајот) | Секторот за финансии и буџет и одговорниот сметководител плаќањата на обврските да го вршат на основа на комплетна и веродостојна документација потврдена од надлежни лица | Делумно спроведена | |
| 11.5 | **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба** | | | |
| | Општина Гостивар во својата евиденција го нема евидентирано дел од имотот добиен согласно Решението број 23-257/28 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на Општина Гостивар врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на Република Македонија. | До обезбедување имотни листи за имотот добиен со решение од Влада на Република Македонија, да се изврши проценка на имотот, а одделението за сметководство да изврши вонбилансно евидентирање на истиот. | Не е спроведена | |
| 11.5.2. | Состојбата на позицијата Материјални средства во подготовка и Пасивни временски разграничувања се помалку искажани за износ од 25.097 илјади денари: | За вложувањата во капитални објекти односно за инвестициите во тек одделението за сметководство да изврши | Не е спроведена | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -довршување на градежно занаетчиски работи во училишен објект во село Балиндол и изведување на градежно занаетчиски работи во спортска сала село Дебреше, и<br>-изградба на довод на вода во село Беловиште и изградба на фекална канализација во село Равен. | евидентирање на истите во сметководствената евиденција на Билансот на состојба | | |
| 11.5.3 | Извршени се набавки на врати и наткасни елементи во вкупен износ од 198 илјади денари за кој износ не е зголемена состојбата на ставката Градежни работи и Опрема. | Одделението за финансии и буџет во да изврши соодветно евидентирање на набавената материјални средства. | Спроведена | |
| 11.5.4. | Испратени се конфирмации до комитентите заради обезбедување на достатни соодветни ревизорски докази за состојбата на обврските.<br>Од извршените анализи на салдата ревизијата се увери дека обврските кон добавувачите во Билансот на состојбата не се реално и објективно искажани | Одделението за финансии и буџет во Општина Гостивар редовно да врши усогласување на обврските со комитентите | Делумно спроведена | |
| **11.6.** | **Неправилна примена на Законот за јавни набавки** | | | |
| 11.6.1. | Непрменување на одредбите од Законот за јавни набавки:<br>Спроведени се постапки и склучени договори за работи во вкупен износ од 39.846 илјади денари кои не се предвидени со Планот за јавни набавки за 2007 година<br>Во Одлуката за потребата на одделната набавка не е утврден износот и изворот на средствата потребни за реализација на набавката;<br>Претседателот на Комисијата за јавни набавки не е вработено лице во општината.<br>Тендерската документација за ограничен и отворен повик не ги содржи задолжителните елементи<br>Кај Изведување на градежно занаетчиски работи во спортска сала во село Дебреше, предмер пресметката на еден од понудувачите не е комплетна; | Градоначалникот на Општината и Комисијата за јавни набавки да воспостават процедури и постапки кои ќе обезбедат соодветна примена на одредбите од Законот за јавни набавки, почнувајќи од планирање, евалуација, избор на најповолен понудувач, до спроведување на договорите склучени со најповолните добавувачи. | Спроведена | |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*
*1.* ____________________________
*2.* _____________________________ ______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Кај Изработка и монтажа на метални столбови и метални огради, нема извештај за разгледување и оценување на понудите;<br>Кај Набавка на превоз на ученици во дел од прифатените понуди нема услови за плаќање и референтна листа, нема извештај за разгледување и оценување на понудите.<br>Не е спроведена постапка за јавна набавка за: канцелариска опрема (мебел, комјутерска опрема, клима уреди, камери, фотоапарти и одржување на истите);<br>Кај ограничен повик, втора фаза, за Изградба на фекална канализација во населба Питарница, со најповолниот понудувач склучен е договор на износ поголем за 218 илјади денари од прифатената понуда.<br>ѓ) Во постапката за Набавка на нафта и дрва за основните и средните училишта, детските градинки и за објектот на Општина Гостивар: со одлуката за спроведување на јавна набавка не е утврдена количината на набавката и износот на средствата потребни за реализација на набавката, комисијата извршила оценување и изготвила предлог за избор на најповолен понудувач за дрва, иако немало друга прифатлива понуда за дрва и извештајот за евалуација не е потпишан од претседателот на Комисијата за јавни набавки.<br>Во постапката отворен повик за Набавка на пропагандни материјали и контејнери, само два понудувачи доставиле понуда, а документите за финансиска и економска способност се некомплетни и невалидни.<br>Во делот на набавки од мала вредност: нема план за набавки од мала вредност, членовите на Комисијата за јавни набавки немаат поднесено изјави за конфликт на интереси, во одлуката за спроведување на набавка не е наведен износот на средства кои се обезбедени со Буџетот, и | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | -нема постапка за набавки од мала вредност во вкупен износ од 791 илјади денари | | | |

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________

*2.* ______________________ ______________________